Медиум

весник за сите средношколци

www.medium.edu.mk

Петок 29.11.2019; година V; бр. 49

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕЦАТА – 20 НОЕМВРИ

# Младите ја „презедоа“ Владата



стр.6



ВОВЕДНИК

ШТО НАУЧИВ ОД „МЕДИУМ“?

стр. 2



ВЛАТКО СТЕФАНОВСКИ ИМ ОДРЖА ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕТОВСКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ

стр.2



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ХОКЕЈОТ МОЖЕ ДА БИДЕ ИДНИНА НА МНОГУ МЛАДИ

стр. 3

Институт за комуникациски студии

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ИЗРАБОТЕН ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ ШТО ЈА СПРОВЕДУВА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

ВОВЕДНИК



Стефан Митиќ,
матурант
во гимназијата
"Орце Николов" Скопје

# Што научив од „Медиум“?

Почетокот на средношколското образование ми беше период на себепронаоѓање. Отсекогаш ми се допаѓало да пишувам, изразувајќи се само преку есеите на училиште, сè до еден момент кога мојата професорка Тамара Ќупева ме праша дали сакам да напишам текст за средношколскиот весник „Медиум“. Без размислување прифатив. Таа љубов кон пишувањето за „Медиум“ се вроди толку брзо и остана до ден денес. Н очекував дека соработката со луѓето од „Медиум“ ќе имаат толкаво влијание да ме изградат во личноста која што сум денес. Професорке, Ви благодарам што го препознавте потенцијалот во мене.

Македонскиот образовен систем не создава простор учениците да ги развиваат своите афинитети. Системот не создава генерации подготвени на секакви предизвици, луѓе мотивирани да направат некаква промена. Но затоа, најважно е учеството во воннаставни активности кои го градат тој дел од човекот што образовниот систем не успева. И, навистина ми е мило се става огромен акцент на таквите активности, затоа што знаењето, вештините, разбирањето и почитта која се добива од луѓето вклучени во вакви активности е непроценлива. Се чувствувам како активен граѓанин на заедницата кој придонесува таа да се развива кон подобро.

Живееме во општество каде интернетот е во подем, а медиумите како што се радиото, телевизијата и печатот полека но сигурно се заменуваат со нови дигитални платформи. Повеќе од кога било, важно е да сфатиме како функционираат медиумите, какви пораки пренесуваат и какво влијание имаат врз нас.

Затоа е важно е да сме МЕДИУМСКИ ПИСМЕНИ. Но, како? Пишувајќи колумни, информативни текстови, интервјуа, вести, репортажи, учествувајќи во „Медиумските денови“, на Камповите за медиумска писменост што ги организираше Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, а сега и Институтот за комуникациски студии го согледав клучното значење на медиумската писменост како способност критички да се пристапи, анализира, создава и користи некоја медиумска содржина. Благодарение на „Медиум“ научив како да ги препознавам вистинските вести од лажните. Научив како да проверувам факти од различни извори, како да ја препознаам пораката на некој текст. Сега располагам со потребните вештини на еден новинар.

Им благодарам на Александра, Жанета, Лејла, Моника, Дејан и многу други луѓе вклучени во создавањето на првиот и единствен средношколски весник во државава што создадова простор за да се искажам. Ми дадоа платформа каде можам да ги усовршам своите новинарски вештини и позитивно да влијаам на соучениците активно да се вклучат во активностите кои им се ним важни и да се изградат како цврсти, квалитетни луѓе способни да се справат со проблемите.

Средношколци, вклучувајте се што повеќе во активности како „Медиум“! Разбивајте ја стигмата дека средношколците се апатични. Продолжете да се развивате во модерни, активни и критични граѓани.

# Влатко Стефановски им одржа предавање на тетовските средношколци

Средношколците од државното музичко училиште „Тодор Скаловски-Тетоец“ имаа можност да слушаат предавање од еден од најпознатите македонски музичари Влатко Стефановски. Тој месецов беше гостин во тетовското училиште, а покрај предавањето, учениците имаа можност и да разговараат со него и во живо да слушнат дел од неговиот богат репертоар.



- Ни се исполни желбата во нашето училиште да гостува нашиот најпознат музичар и гитарист Влатко Стефановски кој светот одамна го има поставено како музички великан. Концертната сала на училиштето беше преполна, а концентрацијата на максимално ниво кога Влатко зборуваше и ги мотивираше нашите ученици. Огромно е значењето за младите музичари да чујат од искуството на нашиот Влатко Стефановски, кој во музичка смисла го има освоено светот, а сè уште знае да биде обичен човек и да разговара со сите нас - изјави директорот на училиштето, Љупчо Перински, за државната новинска агенција МИА. И учениците се претставија пред Стефановски. Тие подготвија кратко видео со секвенци од неговата музичка кариера, а дел од учениците настапија и со свои музички точки.

# Ученици во младинска акција исцртаа графити, садеа дрвја, опремија спортско игралиште

Повеќе од 200 ученици од средни училишта од Град Скопје се собраа да го разубават дворот на училиштето "Арсени Јовков“ со цртање мурали, садење растенија, поставување клупи и опремување на спортското игралиште.

На ѕидовите на училиштето тие цртаа графити со мотивациски пораки, ги обележуваа линиите на спортскиот терен и ставија голови со мрежи, поставија и клупи за рекреација за време на одморите, како и канти за отпадоци, а садеа и дрвја во училишниот двор.

Оваа младинска акција беше резултат на средбите на учениците во изминатите неколку месеци за тоа како да се подобри состојбата во нивните училишта. Средношколците од различни етнички заедници кои беа дел од овие активности се од четири училишта во Скопје: АСУЦ „Боро Петрушевски“, СЕПУГС „Арсени Јовков“, СГГУГС „Здравко Цветковски“ и СУГС „Браќа Миладиновци“.

Младинската акција, сметаат организаторите, придонесе кон уште поголемо зближување на младите од различни етнички заедници и продлабочување на меѓусебната соработка и со неа учениците ја истакнаа важноста на младинскиот активизам.

Слични акции се најавуваат и во преостанатите три училишта.

Оваа активност е дел од проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, а беше спроведена со поддршка од Македонски центар за граѓанско образование, од Град Скопје и во соработка со Младинскиот образовен форум.

# „Светилки на теслини бранови“ на беровските ученици презентирани пред нивните врсници

Светилки од иднината што не се поврзани со струјно коло, а може да светат и да продуцираат постојана светлина која преку бранови ќе се пренесува и на други светилки. Ваква иновација создадоа учениците од средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово, која месецов беше презентирана пред средношколци и основци од неколку училишта во земјава во изложбениот центар „Матка“ на ЕВН. Беровските ученици иновацијата ја нарекоа „Светилки на теслини бранови“ и истата беше наградена во рамките на повикот „Предизвик за млади истражувачи 2“ на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР). Настанот на кој беше презентирана оваа иновација во изложбениот центар претставуваше интерактивна и едукативна посета со цел учениците од основните училишта „Свети Климент Охридски“ од Прилеп и „Дедо Иљо Малешевски“ од Берово, како и од скопските средни училишта ЕМУЦ „8 Септември“ и „Орце Николов“ да имаат можност да дознаат повеќе детали за воведувањето на електрична енергија во нашата земја, како и за искористувањето на различните видови енергија.

# Ученици во Гевгелија собраа повеќе од 50 килограми пластичен отпад

Повеќе ученици од три основни и едно средно училиште во Гевгелиско учествуваа во екоакција на улицата Илинденска во Гевгелија и сите заедно собраа повеќе од 50 килограми пластичен отпад. Организатор на оваа екоакција беше здружението „Чејнџ мејкерс фор ол“ (ChangeMakers4All), од каде што велат дека учениците покажале дека сакаат да живеат во чиста животна средина. Во акцијата учествуваа трите основни училишта: „Крсте Мисирков“, чиј тим собра 18 килограми пластика, „Владо Кантарџиев“, чии ученици собраа 15 килограми и „Страшо Пинџур“ со соберени околу 11 килограми пластичен отпад. Тимот средношколци од гевгелиското училиште „Јосиф Јосифовски“ собра девет килограми пластика.

МЕДИУМ
НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина
ИК Институт за комуникациски студии

Публикацијата е изработена во рамки на кампањата од јавен интерес за подобра животна средина „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ што ја спроведува Институтот за комуникациски студии

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@iks.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Стефан Стојановски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**; **www.reagiraj.mk**

British Embassy Skopje
Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ИНТЕРВЈУ СО НАЈМЛАДИОТ ХОКЕЈ-РЕПРЕЗЕНТАТИВЕЦ НА МАКЕДОНИЈА

# Хокејот може да биде иднина на многу млади





Македонија нема арена за хокеј, но има хокеарска репрезентација. Условите за овој спорт не се идеални, но македонската спортска јавност може да се гордее со златниот медал од неофицијалното Светско првенство за држави без затворени хокеј-арени „Девелопмент куп“, што се одржа во Германија на крајот на 2018 година. Средното училиште „Никола Карев“, пак, може да се гордее дека во редовите на хокеарската репрезентација го има средношколецот Бојан Басилковски, кој е најмладиот репрезентативец. Тој е трета година во ова скопско училиште и во разговор за „Медиум“ зборува за неговата љубов кон овој спорт, за условите во кои тренираат, за тоа како истовремено се справува со училишните и со обврските кон хокејот итн.

**Медиум: Колку време тренираш хокеј и од каде желбата да се занимаваш со овој спорт?**

**Бојан:** Јас се занимавам со овој спорт повеќе од 6 години. Мојата желба се роди кога за прв пат застанав на лизгалки и го почувствував мразот во моето срце. Исто така за тоа е заслужен и мојот татко.

**Медиум:** Какво беше чувството кога освоивте прво место?

**Бојан:** Чувството беше неповторливо поради тоа што за прв пат се сретнавме со ваков голем предизвик и бевме горди на нашата постигната цел и покрај сите наши услови за работа.

**Медиум: Дали мислиш дека хокејот има иднина во Македонија?**

**Бојан:** Со хокејот во Македонија можат да успеат и да просперираат и младите како мене, но и сите преостанати кои имат желба и љубов кон овој спорт. Исто така, потребано е да се изгради една мала затворена хала која би ни помогнала да постигнеме и поголеми успеси од овој и да се класифицираме во поголемите лиги.

**Медиум: Што е неопходно за подобри услови и развој на хокејот?**

**Бојан:** Пари, лојалност, помош од нашата држава, спонзори и различни финансиери кои се љубители на спортовите.

**Медиум: Како се одвива еден тренинг?**

**Бојан:** Тренингот се одвива во спортскиот центар „Борис Трајковски“. Тренираме во вечерните часови, од 22 до 23.15 часот. Јас сум најмладиот, што значи тренирам со повозрасните играчи од мојот тим и е доста напорно.

**Медиум: Кој е твојот спортски идол?**

**Бојан:** Мојот спортски идол е Александар Овечкин-Руски (играч во НХЛ) поради тоа што е една од најголемите ѕвезди на современиот хокеј.

**Медиум: Дали поминувате време заедно со екипата и кога немате тренинзи?**

**Бојан:** Во летниот период, кога немаме тренинзи, постојано сме заедно, правиме суви тренинзи и понекогаш одиме на забави.

**Медиум: Дали ти е потребно повеќе време како најмлад играч за да се вклопиш со поискусните играчи?**

**Бојан:** Воопшто не чувствувам тешкотии, бидејќи постојано сум со повозрасните играчи од мене кои се на возраст од 22 години, па и повеќе.

**Медиум: Имаш ли трема пред натпревар и како ја надминуваш ако постои?**

**Бојан:** Не, воопшто немам трема пред натпревар ниту, пак, за време на натпреварот и покрај тоа што сум најмладиот играч.

**Медиум: Дали играњето хокеј ти одзема време за училишните обврски?**

**Бојан:** Ако секој човек добро си го испланира своето време, би ги постигнал своите замисли цели. Училиштето ми излегува в пресрет и најголем дел од професорите се гордеат со мене и ме поддржуваат.

**Авторки:**
**Теодора Вељановска и Анастасија Ѓорѓевска, трета година во СУГС „Никола Карев“ - Скопје**

ЈАВЕН ДИЈАЛОГ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЕМОЦИОНАЛНАТА КОМПЕТЕНТНОСТ

# Младите мора да научат да се справат со емоциите!

Емоционалниот живот кај младата популација во нашата земја е на многу ниско ниво. Кај нас, сите - и наставниците и учениците и родителите, се премногу фокусирани на успехот со оценките, но е неопходно да се обрати внимание и на менталното здравје на младите. Потребно е дејствување и во таа насока, младите да добијат поддршка и да научат да се справат со емоциите, бидејќи менталното здравје е неизоставен дел од животот. Потребно е издигање на свеста кај луѓето, особено кај професорите и надлежните институции кои работат во областа на образованието за да се посвети повеќе внимание на емоционалното созревање на учениците.



Фото: Дарко Андоновски

Вакви пораки беа испратени од јавниот дијалог кој месецов се одржа во просториите на Град Скопје, на темата „Емоционалната компетентност како цел во нашиот образовен систем“, а во рамките на проектот „Развивање на емоционалната компетентност“.

Најмногу слушатели имаше токму од најзасегнатите - средношколците, но присуствуваа и професори и психолози од различни средни училишта, претставници од невладиниот сектор и од Град Скопје, родители итн.

### ДУРИ 43 ОТСТО ОД ДЕВОЈЧИЊАТА ИМААТ ДЕПРЕСИВНО РАСПОЛОЖЕНИЕ

Психологот од СУГС „Орце Николов“, Ана Попризова, ги сподели загрижувачките податоци од последното истражување на Светската здравствена организација за менталното здравје на учениците. Студијата направена во 48 земји на млади на возраст од 13 до 15 години покажува дека 22 проценти од хетеросексуалните млади чувствуваат психосоматски тегоби, а таков проблем имаат дури 45 отсто од девојчињата на таа возраст.

- Ова можеме да го поврземе со емоциите, зашто многу често се случува не успевајќи и не знаејќи да се справуваме со емоциите, психата и телото така да функционираат, се развиваат психосоматски тегоби. Главоболки, болки во стомакот, алергии, тешкотии со концентрација, напнатост и раздразливост. Ова може да значи дека многу девојчиња во една недела повеќепати чувствуваат вакви симптоми - рече психологот.

Истата состојба, посочи таа, е и со чувството на нервоза кое е присутно кај околу 45 отсто од девојчињата и кај 27 отсто од момчињата. Попризова ги истакна и тешкотиите на учениците со концентрацијата, бидејќи студијата покажала дека нив ги имаат 29 проценти од девојчињата и 16 проценти од момчињата.

Психологот го истакна и проблемот со депресијата.

- Околу 24 отсто од момчињата и 43 отсто од девојчињата имаат депресивно расположение и суицидни мисли. Значи дека ова можеме да го толкуваме во насока на тоа дека свеста и емоционалниот живот генерално, со оглед на состојбата на менталното здравје кај младата популација, се на многу ниско ниво во нашата земја – нагласи Попризова.

Меѓутоа, кое е решението? Како што посочи психологот од скопското училиште, трендот и во европски и во светски рамки е во насока на младите да им се дава поддршка да се учат да ги развиваат вештините за тоа како да се справуваат со своите емоции, затоа што ако не знаат како да се справат со својата тага, ако не знаат на кого да се обратат, тогаш таа тага можеби ќе премине во депресивно расположение или ќе оди и во некои други сериозни психички проблеми.

### МЛАДИТЕ РЕАГИРААТ ПОИНТЕНЗИВНО И ПОРАДИ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Психологот од уште едно скопско училиште, СУГС „Георги Димитров“, Светлана Аспровска-Тодоровиќ, пак, во дел од нејзиниот настап на јавниот дијалог зборуваше и за тоа каква е улогата на социјалните мрежи врз емоциите кај младите, посочувајќи дека она што денеска се гледа како феномен е дека младите ги доживуваат емоциите многу поинтензивно.

- Младите реагираат интензивно и кога емоцијата реално нема толку големо покритие за таквата емоционална реакција. Дел од тоа, да речеме, го наоѓам и поради влијанието од социјалните мрежи. За едно дете да научи што е емоција и какви различни видови емоции има треба да ги контактира индивидуите со емоциите, а она што нашите деца најмногу го прават е следење на социјалните мрежи, што претставува фатена емоција во еден момент. Најчесто и „наместена“ емоција во одреден момент. За да имаме различност на емоциите ние мора да направиме директен контакт. Емоционалната свесност значи дека ќе го препознаеме и кога е среќен и кога е помалку среќен, и кога е тажен, а не само тоа од фотографијата којашто ја гледаме на профилот - образложи Аспровска-Тодоровиќ.

И таа ја истакна потребата дека треба да ги помогнат учениците како да се справат со емоциите, како да ги препознаваат, а потоа и како да ги контролираат односно да ги приспособат и да ги покажат онолку колку што дозволува одредена ситуација.

Покрај психолози и професори, во јавниот дијалог зборуваа и учениците за нивните стравови и стресови, но и за тоа што може да се промени. Дора Смилевска, ученичка во трета година во СУГС „Георги Димитров“, ја истакна важноста на класниот час и дека тој треба да се користи за продуктивни активности и разговори, а не само за пишување изостаноци. Таа предложи дека за емоционално созревање можеби треба да се воведат и нови активности како што се учење на медијаторство и учење на техники за запознавање.

За оценувањето и какви емоции буди тоа кај учениците, пак, зборуваше Леа Дојчиновска, ученичка во четврта година во СУГС „Орце Николов“.

Што е толку застрашувачко кај оценувањето? Оценувањето е најголем извор на стрес и анксиозност кај учениците денес.

По дефиниција, низ процесот на оценување на учениците треба да им се овозможи да учат и да го покажат своето знаење, вештините и ставовите, а оценките да дадат повратна информација како ученикот може да напредува. Дополнително, средното училиште би требало да нè изгради во емотивно стабилни и образовани личности и да нè подготви за понатамошно, повисоко образование. Но за жал, нашиот образовен систем не ни го овозможува ова во целост. Ни нуди многу неспани ноќи, затвореност во четири ѕида и стрес пред и по оценувањето. И во овој 21 век, додека во училиштата низ светот постојат часови на кои учениците учат за вештини како да се справат со стресот и притисокот, кај нас сето тоа сè уште е табу-тема - рече Дојчиновска во дел од нејзиното излагање. Овој јавен дијалог на кој зборуваа ученици, професори, психолози и сите засегнати страни беше завршен настан на проектот „Развивање на емоционалната компетентност“, кој е поддржан од буџетот на Град Скопје, преку Програмата за активностите во областа на образованието на Град Скопје за 2019 година.

**Калина Трајкоска, ученичка во гимназија „Орце Николов“ Скопје**

ИНТЕРВЈУ СО ПРИЛЕПСКИОТ СРЕДНОШКОЛСКИ ИНОВАТОР И ВОЛОНТЕР ВО ИТНАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

*Херојот од мојата улица*

# Измисли шприц што ќе ги штити медицинарите од зарази

*Изум кој ја фасцинираше лекарската фела и изум кој доаѓа како прв во медицината кај нас по 25 години е шприцот што го измисли 16-годишниот Сашо Јандрески од Прилеп. Тој на овој проект работел речиси една година и успеа да создаде уникатен шприц којшто сега е патентиран и со кого наредната година ќе се појави на најголемиот комерцијален саем во светот*





Ако отидете во прилепската гимназија „Мирче Ацев“ и прашате за Сашо Јандрески, тешко ќе најдете ученик или професор кој не слушнал за него. Слична би била ситуацијата и ако прошетате низ Прилеп. А причините зошто е тоа така се и повеќе од оправдани. Сашо е најмладиот иноватор во ова средно училиште, тој има 16 години и е ученик во втора година.

Овој гимназијалец измисли и патентираше нов, уникатен шприц за инјектирање лекови, кој ќе биде од голема корист во медицински цели. Со неговиот шприц се спречуваат повреди од игла кај здравствените работници и, уште поважно, се заштитуваат од евентуална зараза од Хепатит Б и Ц.

Средношколецот работеше на обликување на прототипот речиси една година, со тим од три професорки кои му дадоа безрезервна поддршка. Неговата иновација доаѓа како прв изум во медицината кај нас по 25 години.

Ако го прашате од каде дошол до идејата, Сашо ќе ви раскаже дека уште како основец волонтирал во Службата за итна медицинска помош во Прилеп и тоа го инспирирало да дојде до една светска идеја која ги фасцинираше и најуспешните доктори и луѓе од областа на медицината. Гимназијалецот го привлече вниманието и на претседателот Стево Пендаровски пред кого го презентираше изумот кога беше дел од делегацијата на Националната асоцијација на пронаоѓачи на Македонија која го посети претседателот. Следната година, Сашо со неговиот патент ќе се појави и на најголемиот комерцијален светски саем во Москва, Русија.

Ангажиран околу патентирањето на својот пронајдок, волонтерството, училишните обврски, учеството на натпревари, презентации, промоции, средношколецот-иноватор одвои време да одговори и на неколку прашања за средношколскиот весник „Медиум“.




**Медиум: Како дојде до идејата за креирање на шприцот и колку време ти требаше да ја реализираш?**

**Сашо:** Пред сè, за самата идеја до нејзиното целосно оформување односно доаѓање до патентот беа потребни околу 10 месеци. Целокупниот модел трпеше промени во текот на изработката и осознавањето на оној уникатен модел кој ги задоволува оние критериуми што сум ги поставил на почетокот од истражувањето.

**Медиум: Можеш ли да ни кажеш нешто подетално за механизмот на твојот шприц?**

**Сашо:** Механизмот и уникатноста на шприцот, компаративно земено, се како поврзана целина, не се одвојуваат една од друга, со тоа што самиот механизам не дозволува пациентот да има никаков контакт со здравствениот работник при аплицирање на терапијата без разлика дали е венска или мускулна.

**Медиум: Што го прави твојот шприц поразличен од оној обичниот?**

**Сашо:** Различноста на мојот модел со моделите на шприцови кои се користат денес е тоа што мојот модел не овозможува да дојде до повреда со игла односно процентуалната вредност е сведена на минимум со тоа што ги заштитуваме здравствените работници од Хепатит Б и Ц.

**Медиум: Кои се твоите идни планови во врска со твојата идеја?**

**Сашо:** Плановите секогаш ги оставам да течат спонтано. Никогаш не го планирам времето однапред. Еве наскоро, во текот на 2020 година ќе ја посетиме Русија, поточно Москва, при што ќе учествуваме на најголемиот комерцијален светски саем.

**Медиум: Дали имаше поддршка од стручни лица или сето ова го постигна сам?**

**Сашо:** Што се однесува за поддршката - да, нормално е да имам и поддршка и некој што ќе ме поткрепи поради тоа што ваков товар успеав да го изнесам на мојот грб. Трите професорки кои работат со мене секогаш се тука да ми го чуваат грбот, а исто така зад мене застана и локалната самоуправа на Прилеп, како и приватната компанија „Комфи Ангел“ (Comfy Angel).

**Авторка:
Вероника Кукеска, ученичка во трета година во СОУ „Мирче Ацев“ - Прилеп**

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕЦАТА – 20 НОЕМВРИ

# Младите ја „презедоа“ Владата



На 20 ноември 1989 година, во генералното собрание на Обединетите нации во Њујорк беше потпишана Конвенцијата за правата на детето. Со неа се озакони дека децата се индивидуи кои не припаѓаат на своите родители и тие треба непречено да уживаат во детството, односно до 18-годишна возраст. Во рок од 30 години, стапката на смртност кај деца до 5 години се намали на 50 проценти, скоро половина од незгрижените деца се згрижени и 2,6 милијарди деца имаат чиста вода за пиење, но сѐ уште има простор за подобрување и работа.

Светскиот ден на децата (20 ноември) низ светот се одбележува со различни активности. Кај нас, во Владата на Република Северна Македонија, УНИЦЕФ и Младинскиот образовен форум организираа т.н. „преземање“ (#KidsTakeOver) на Владата од деца и млади луѓе. Во владиниот објект на заедничка маса седеа млади луѓе заедно со премиерот и министрите и говореа на 6 теми: аерозагадувањето, невработеноста, квалитетот на образованието, младинското учество, насилството и инклузијата. Секој млад говорник имаше улога на младински застапник. Пред настанот, 21 млад човек од цела Северна Македонија ги разработуваа овие шест теми на тридневната обука.

Еден од говорниците бев и јас, Стефан Митиќ, средношколец во гимназијата „Орце Николов“ од Скопје.

Својот говор го започнав со тоа што ги прашав присутните како дошле на овој настан. Зборував за тоа дека јас возам велосипед без разлика на временските услови, затоа што мислам дека ќе помогнам да се намали загадувањето. Истакнав дека компаниите, индустријата и државата не преземаат ништо за да се промени состојбата со загадувањето на воздухот. Се повикав на Архуската конвенција која налага право на информираност. Меѓутоа, проблемот е што како граѓани немаме точна информација колку е загаден воздухот. Издвоив 4 клучни аспекти во кои ние како младина гледаме проблем – несоодветноста на системот со мерни станици низ целата држава, греењето на државни институции со фосилното гориво мазут, влијанието на загадувањето од индустриските погони и погрешната распределба на енергетски ресурси во поглед на обновливите извори. Го завршив својот говор со тоа што кажав дека младите го препознаваат проблемот и даваат конкретни решенија, а возрасните само зборуваат за него.

Михаела Трајкоска ја објасни нејзината дилема поврзана со продолжување на кариерата. Таа се двоуми помеѓу остварување кариера блиску до семејството и пријателите или заминување од државата во потрага по подобри услови. Михаела вели дека невработеноста на младите е висока поради несоодветното образование и според неа, младите имаат лоша перцепција кон стручното образование и побара да има Центар за кариера во секој град.

Треба да има распределба на професиите и потребите на трудот – истакна Михаела.

Бисера Шегмановиќ ја нагласи недоволната опременост на одредени училишта низ земјата. Таа ја опиша улогата на ученикот како пасивен слушател за време на училишниот час и кажа дека иако некои училишта имаат модерна технологија, како што се паметните табли, професорите не се обучени да ги користат. Таа го спомна резултатот од тестирањето „ПИСА“, кое ја пласираше Македонија на 68 место од 70 држави, што е доказ за функционалната неписменост на учениците. На крај, Бисера ја долови целта на образованието како начин да се создаваат активни граѓани кои ќе придонесуваат за општеството.

Исра Зеќири преку својот говор кажа колку е важно средношколското организирање како дел од младинското учество. Таа ја нагласи потребата младите да се активираат и критички да размислуваат, да знаат како да се вклучат во општествените процеси и да имаат сила. Според Исра, мора да се донесе законско решение кое ќе ги обврзува општините да се фокусираат на суштината на нивното постоење.

Лука Павиќевиќ го започна говорот со приказна за младо момче кое се плаши да оди на училиште од страв да не го нападнат. Според Лука, потребно е да се развие комуникацијата и да се препознава врсничкото насилство. Но за да се постигне ова е потребна едукација на професорите, психолозите, а и на децата.

Потребно е да ни ги дадете алатките за сами да се справиме со насилството во дигиталната сфера. Сега, во ова дигитално време, секој ден поминуваме повеќе од 6 часа на интернет. Секој може со два клика да креира лажен профил на социјална мрежа. Ова е одлична почва за развивање на онлајн-насилство - нагласи тој.

Потребни се нови политики за еднакви можности за да младите бидат еднакви во земјата, вели Елиза Абдија.

Да ни овозможите соодветни програми за нашите индивидуални интереси, за лично и активно партиципирање и интеграција. Законот за персонален асистент ги опфаќа само луѓето од 18 до 64 години. Што е со другите што не влегуваат во оваа категорија? - праша Елиза.

Таа наброја недостатоци во однос на програмите и алатките во училиштата, аудиопрограми на мајчин јазик, но и лифтови за лицата со инвалидитет.

Владините претставници рекоа дека се спроведени или ќе се донесат дел од законите и мерките што ги споменаа младите. Според властите, ќе се организираат средби и дебати преку нивните организации за имплементирање на решенијата што ги предлагаат децата и младите.

**Стефан Митиќ,
СУГСГ „Орце Николов“ - Скопје**

**Извор на фотографии:**
Архива на Влада на Република Северна Македонија

# Системот ги исфрли генерациите во провалија

Да ви ги откријам тајните муабети што ги водиме во провалијата. Прво, се водат тајно затоа што нема кому да ги кажеме гласно, а второ, бидејќи секогаш за другите сме поубави кога молчиме.

Живееме во систем каде што сè е точно определено и испланирано, каде што спонтаноста е криминал и начинот на облекување е показател каква е личноста. Од дома нè учат дека е подобро кога не си трн во око, побрзо ќе стигнеш до резултат. За чиј резултат зборуваме? За вашиот или нашиот?



Затоа што нашите желби се промени и гласна револуција, а нашиот резултат сакаме да биде светла иднина во која секој ќе може да биде свој без да биде осудуван. За нас е резултат и кога ќе учиш што сакаш, без да се плашиш дека нема работа.

Сите велат дека иднината е на младите, но ако зборуваме и реагираме гласно тогаш велат: „Млади се, не знаат што зборуваат“.

Така, кога треба да се формираме како личности нè сместуваат во еден калап. Тој е многу тесен, но ако, нели, бидејќи кога ќе се „формираме“ во него, не е тешко да молчиме. Молчиме и седиме во положбата во која нè оставиле, зашто не сме мрдале, не сме претале додека ни ја кроеле судбината. Сите нè сместувате во еден кош, иако секој е свој и премногу различен за да се изедначува со сите.

Затоа денес многу млади себеси се сметаат за неспособни заради тоа што, на пример, не ги знаат теоремите на Питагора или законите на Исак Њутн. Но знајте дека секој од нас младите е способен за нешто, секој од нас е добар во нешто и претставува посебна категорија.

Не, не си одат младите бидејќи немаат пари, си одат бидејќи не можат самите себеси да се формираат онака како што тие сакаат и чувствуваат.

**Елена Соколоска, ученичка во четврта година во СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ - Прилеп**

# Што кога си млад, но со страв?

Ноември е, понекогаш ладно, понекогаш топло, празно е. Мириса на грижи, бессоница и недостиг од восхит. Постојано чади од сите страни, а половина дрвја останаа голи, сончевиот зрак ни е скапоцен, затоа што ретко кој може да го пронајде, тешко му е да се пробие низ маглата, а луѓето одбиваат да му помогнат.

На градот му фалат бои, речиси е безживотен, на многумина им е здодевен, но и покрај сè стануваме, се дотеруваме, се движиме, водиме празни муабети и често забораваме да ги довршиме. Сакаме механички, речиси без трошка љубов во нас, се плашиме од страста, од новите знаења, од предизвиците и се чувствуваме безбедно живеејќи во лага, бараме начини да преживееме, а ретко кој од нас умее да живее. Повеќето животи се еднолични, некои имаат многу, а некои немаат воопшто ништо, но немаштијата знае да се мери на неколку начини, многумина немаат причина за уште, но тоа очекувам да се смени.

Ваквиот живот е незаслужена казна на младите, нам ни е потребно да сонуваме, да читаме, истражуваме и да го осознаваме светот надвор од границите на училишната клупа. Потребно ни е да ги почувствуваме различностите за да ги цениме, зашто само така заедно ќе живееме. Потребно ни е да знаеме што ѝ се случува на природата за да најдеме начини како да ја зачуваме и негуваме, потребно е да знаеме со кои проблеми се соочува врсникот во Палестина, Америка, од соседните држави, од Русија, Кина, за да сфатиме дека сите вредиме исто, си требаме едни на други и да ставиме крај на сите овие војни, да размислуваме критички, да градиме карактери и да дејствуваме креативно, со сопствена свест, бидејќи само така се надминува врвот.



И впрочем не само на градот, туку на целата планета ѝ се потребни херои, бунтовници - подготвени да скокнат во непознати води, а имаме потреба и од вода, зашто улиците се нечисти, иако само некому тоа знае да му пречи. Можеби еден ден ќе надојде силен дожд и ќе однесе сè, можеби така ќе бидеме посреќни, а некои можеби само побесни. Најверојатно најдобро би било да се освестиме, немаме многу време пред да исчезнеме.

**Николија Пехчевска, ученичка во СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје**

# Да не биде или не?

Да си поставиме едно филозофско прашање: Срамота ли е да се биде СИРОМАШЕН? Најчесто директно би одговориле со едно големо НЕ.

Следува уште едно прашање: Дали навистина сме реални одговарајќи така одречно, прецизно, без дилеми?

Некогаш беа сиромашни оние што немаа знаење, оние што не беа запознаени со вредностите, човечноста, хуманоста, почитувањето. А сега, сега овие работи останаа да се прераскажуваат како приказни за мали деца. Ние, возрасните, а истовремено и млади, сите сме цврсто одлучни: Да се биде богат по секоја цена или барем да глумиме дека сме богати.

Живеејќи во 21 век, век во кој сме зависни од социјалните мрежи, век во кој сакаме да се докажуваме во материјална смисла и да глумиме дека сме среќни, век во кој сакаме да избегаме од реалноста, а најмногу од себеси - едно прашање постојано нè прогонува: Зошто не сме среќни?

Имам сретнато луѓе кои последните пари ги дале само и само да не се чувствуваат подолу од другите. Луѓе кои сакаат да бидат на исто ниво со другите во однос на материјалната состојба. Луѓе кои одат во скапи ресторани само за да ја фотографираат онаа порција која ќе биде објавена на социјалните мрежи со хаштагот „здрава храна“ (healthy food). Девојки кои само за излегување во град и добра профилна слика плаќаат професионален шминкер. Момци кои си го ризикуваат животот за интересно селфи.

Дали ние сме натерани на некој начин да ги правиме сите овие непотребни работи кои од ден на ден ни го уништуваат животот сè повеќе и повеќе? На некој начин - ДА. Натерани сме зашто живееме во општество во кое да се биде сиромашен во материјална смисла е срамно. Да се биде сиромашен може да значи дека си мрзелив, дека твоите родители не биле доволно „паметни“ да те обезбедат, дека ти не си снаодлив (читај: не знаеш да манипулираш со луѓето) и ред други негативни конотации.

Да се биде „само“ духовно богат значи дека не си способен да го „уновчиш“ тоа. Живееме во општество со изместени вредности во кое малкумина сфаќаат дека најчесто е доволно парче леб изедено на иста маса со најблиските и нивната насмевка за да бидеш богат и среќен.

Ете на пример, Атице од „Медена земја“ ни покажува дека ако научиме, како што знаеле нашите предци, да живееме во хармонија со природата, ако ги намалиме очекувањата и бидеме скромни, ќе научиме и да им се радуваме на малите нешта, а со тоа би биле и посреќни.

**Мери Керимова, ученичка во СОУ „Ванчо Прке“ - Виница**

# Четврт естетика и табу што молчи

- Мајсторе, средна!

И, одвај некако возачот на автобусот, и покрај замислениот поглед кој беше врзан за некоја лична проблематика, го запре автобусот на автобуската станица. Тргнав кон училиштето, каде што ме чекаше реализацијата на седумчасовниот распоред оптоварен со две писмени и едно испрашување по биологија. По таа помисла згазнав во една дупка на тротоарот во која нема ден да нè згазнам, а кога почувствував болка во зглобот на десната нога, на брзина седнав на блиската клупа, вперувајќи го погледот во дупката. Дури и мајка ми се сеќава на таа дупка и вели дека ја памети уште од времето кога се симнувала тука за да оди на блиското пазарче. Погледнав уште еднаш кон дупката и за миг забележав дека во неа има пластично парче од шише на производ што од поодамна не се произведува. Си помислив: „Зар е можно? Зар толку години местото се мете само со помош на ветрот?“ Мојата поетска имагинација за миг ми се претвори во глобална слика врамена во уметноста на „цивилизираниот“ менталитет на современиот човек: нафтена депонија на површината на морето, пластични шишиња на бреговите на мирните реки, умрени риби во мрежите на „цивилизираните“ загадувачи, исчезнувањe на растенијата на островите со тропска и медитеранска клима.

Ми поолесни, па си реков да си продолжам, зашто имаше уште половина час до започнувањето на училишниот ден, а и морав да си купам нешто за јадење. Уште пред да дојдам, викнав: „Бурек со месо!“ На брзина бев услужена и брзајќи се доближив на дваесетина метри до еден човек што одеше пред мене и јадеше нешто што беше завиткано во иста онаква хартија во каква што беше завиткан мојот бурек. Си помислив дека е господинот пред мене бил муштерија на истото место на кое и јас си го скратував животот со мрсниот впечаток на вкусната традиција на пропаста.

По некое време возрасниот, кој ќе да имаше седумдесетина години, ја стутка и ја фрли хартијата на тревникот, продолжувајќи понатаму кон целта на неговото патување. Наеднаш моето вистинско „јас“ се претвори во молк.

Забрзав, а кога стигнав до фрлената мрсна хартија на која имаше трошки од бурек, застанав и го задлабочив погледот во психологијата на комплексната природа на она што се нарекува остаток од хомо сапиенс од 21 век. Врз коструотот на сенката од денешниот човек беше закачена цела филмска лента од документирана перцепција на стварноста: отсуство на чиста почва, вода и воздух, зголемување на физиолошките растроени особености на растенијата, пораст на хронични болести како: астма, бронхитис, респираторни инфекции, кардиоваскуларни болести, аритмија, болки во градите, недостиг од здив. Во кутрата фрлена хартија ги видов сите погани атрибути што се врзуваат за дефиницијата за човекот.



Погледнав во мобилниот телефон, па кога видов дека за кратко време ќе почне првиот училиштен час, поитав кон улицата што требаше да ја поминам. Застанав на пешачкиот премин, стаписана и вџашена: на сред пешачкиот премин лежеше телото на човекот што пред малку ја фрли хартијата во тревникот, а до него, на половина метар, нервозно молчеше автомобилот кој го удрил. Од главата на господинот се цедеше црвената историја на сегашноста: тоа беше крвта на сообраќајниот метеж на неизвесноста. Она што последно го забележав на мртвиот беше парче сирење на усните, од последниот оброк - бурек со сирење. Веднаш потоа го фрлив мојот бурек со месо, сметајќи дека тоа јадење се стреми да ја стави последната точка во автобиографијата. Од утредента во моето целодневно мени имаше само овошје и зеленчук, и тоа 90 отсто, колку што упатуваат сите познати нутриционисти. И, ете така, сè може да се смени во животот на човекот, ама навиката за редовно застанување на автобуската станица кај некои возачи - никогаш!

- Мајсторе, средна!

**Јана Костовска, ученичка во прва година во СУГС „Никола Карев“ - Скопје**

НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина
ИК Институт за комуникациски студии
Медиум
















